

## ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ВО ЧЕСТ НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ И СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН

Огодишната традиционална манифестација во чест на светителите Кирил и Методиј, која во минатите години се одржуваше како „Денови на југословенската култура" , со распаѓањето на Југославија конституирањето на новите држави, продолжи да се одвива само како дел од македонското духовно и културно живеење и како продолжување на остварената соработка на општествено-политичките и економските

односи меѓу Република Италија и Република Македонија

Како резултат на таквите услови и прилики, на 23 мај од Скопје за Рим заедно отпатуваа две делегации, државна и црковна, кои останаа во вечниот град до 26 мај 1992 година. Државната делегација ја предводеше премиерот на Владата на Република Македонија, академикот Никола Кљусев, а во делегацијата беше и академик Ѓорѓи Ефремов, министер за наука во Владата на Република Македонија и претставник на Министерството за односи со странство, а преведувач беше Аленка Лапе.

Во делегацијата на МПЦ, пак, беа: повардарскиот архијереј митрополитот Михаил и преспанско-битолскиот архиереј митрополитот Петар, а во придружба беше протоѓаконот Александар Цандовски, личен секретар на поглаварот на Македонската православна црква, архиепископот охридски и македонски г. г. Гаврил. Исто така, во Рим беше присутен и Скопско-призренскиот бискуп д-р Јоаким Хербут.

Една од карактеристиките на дваесет и третото поклонение на гробот на свети Кирил, кој многу веруваше во божественоста на Евангелието и рамноправноста на словенскиот јазик со латинскиот, грчкиот и еврејскиот, е тоа што на гробот се поклони делегација од највисокиот врв на суверена и самостојна Република Македонија што ја предводеше првиот премиер на Владата, а која беше избрана од првиот македонски парламент на Република Македонија.

Значајниот светол чин на оддавање почит на македонските и сеесловенските просветители започна на 24 мај во 11 часот кога, најпрво, делегациите се поклонија пред светите мошти на свети Кирил Солунски во Штросмаеровата капела, потоа со пеење на тропарот за светите Кирил и Методиј и свети Климент Охридски од страна на свештените лица, присутните се упатија кон гробот на свети Кирил.

По полагањето венец од страна на членовите на државната делегација на РМ, на чело со премиерот, академик Никола Кљусев, црковната делегација го отслужи молебенот на македонски јазик. Потоа, преспанско-битолскиот архијереј митрополитот Петар одржа пригодна беседа на македонски и на италијански јазик, што со симпатии беше примена од присутните.

Инаку, на молебенот, покрај членовите на делегациите присуствуваа и претставници на поголем број институции и институти на Ватикан и Рим, од кои најзабележително беше присуството на претставниците од Хрватскиот колеџ *„Свети Јероним".*

По завршувањето на церемонијата на гробот на свети Кирил Солунски, на покана на Хрватскиот колеџ *„Свети Јероним",* отец Ратко Периќ, црковната делегација беше гостин на оваа институција. На ручекот присуствуваа бројни професори, постдипломци, како и ѓаковачкиот бискуп Кирил Кос. Притоа, ректорот г. Периќ ја претстави делегацијата и замоли митрополитите Петар и Михаил да презентираат некои состојби и вистини за Македонската православна црква и за Република Македонија.

Чествувањето за светите Кирил и Методиј во Рим беше збогатено со програмата на состав ученици од Македонија кои одржаа концерт на класична музика. На концертот присуствуваа делегациите, бројни личности од културата и граѓани, кои со одушевување и восхит ги поздравија „виртуозите од Македонија", како што ги нарекоа италијанските средства за информирање.

Истиот ден во придружба на отец Пихлер, црковната делегација го посети Ориенталниот институт, каде беше примена од поголем број професори, кои мошне живо се интересираа за постигнувањата надуховен и црковен план во Македонската православна црква, со посебна нагласка за нејзините просветна-воспитни институции. Притоа, беше изразена подготвеност од страна на Ориенталниот институт да продолжи традицијата за испраќање кандидати за постдипломски студии од Република Македонија.

На 25 мај, пак, државната делегација што ја предводеше академик Никола Кљусев беше примена од папата Јован Павле II. Во срдечниот разговор стана збор за поголем број прашања од интерес на Република Македонија, како и Римокатоличката и Македонската православна црква. Поради некои недоразбирања во информирањето и одредувањето на точното време на приемот, црковната делегација задоцни за приемот, за што беше одреден 27 мај за прием на општата аудиенција, меѓутоа, двете делегации се вратија во Македонија на 26 мај, со што изостана приемот на црковната делегација кај Папата.

На 26 мај, црковната делегација го посети Советот за единство на христијаните и се сретна со секретарот, бискупот Пјер Дипре, каде, покрај другото, се разговараше за студентите на постдипломски студии во римокатоличките институции и за некои други

прашања од заеднички интерес. Во Државниот секретаријат за односи со државите во Ватикан, пак, црковната делегација беше примена од секретарот г. Жак Луис Торан и неговиот заменик г. Џан Клаудиј Перисет.

Делегацијата, најпрво, ја изрази благодарноста за приемот и ги пренесе поздравите од поглаварот на Македонската православна црква и од членовите на Светиот архијерејски синод, а потоа им го предаде барањето на Синодот со кое се бара Република Македонија да биде призната од страна на Ватикан како суверена и независна држава, како и беше упатена молба до папата Јован Павле II да го вложи својот авторитет и кај другите државници во светот, особено кај римокатоличките земји, за поскоро признавање на Република Македонија. Истиот ден двете делегации се вратија во татковината.

**Во 1992 година во Москва** се одржа посебна прослава на денот на светите Кирил и Методиј, како и во претходните и наредните денови од 24 мај. Прославата ја организира Министерството за култура на Русија и Руската патријаршија. Посебни приеми за гостите од странство и од Русија приредија министерот Евгениј Сидоров и патријархот на Москва и Русија - Алексеј.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**